Број 26 -52/ 3
Датум: 28.04.2026

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), а согласно Конкурсот за учебници во основното образование бр. 26-52/1 од 23.01.2026 година, објавен од страна на Педагошката служба на интернет страницата на Министерството за образование и наука, на ден 23.01.2026 година, директорот на Педагошката служба, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за формирање на Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во основното образование бр. 26-52/1 од 23.01.2026***

1. **СЕ ФОРМИРА** Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по Конкурсот за учебници во основнот образование бр. 26-52/1 од 23.01.2026 година (во натамошниот текст: Комисијата за шифрирање и проверка), во состав:

- **Андреа Јанковски - претседател;**
- **Виолета Костовска - член;**
- **Бесим Алија - член и**
- **Ариф Елези- член**

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Комисијата за шифрирање и проверка од точка 1 на ова Решение, преку Педагошка служба, во рок од три дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација, шифрираните ракописите за учебници да ги достави до рецензентската комисија за ракопис на учебник, формирана од Националната комисија и до Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).

3. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а Бирото има забелешки на ракописот за учебник пред доставување на стручното мислење, СЕ ЗАДОЛЖУВА Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член

14 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25).

4. Доколку на Конкурсот е доставен само еден ракопис за учебник, а рецензентската комисија за ракопис на учебник има забелешки пред доставување на стручното мислење, СЕ ЗАДОЛЖУВА Комисијата за шифрирање и проверка, да постапи согласно член 14 став (7) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25).

5. СЕ ОВЛАСТУВА Комисијата за шифрирање и проверка од точка 1 на ова Решение да ги презема сите процесни дејства во однос на понатамошна постапка за овој Конкурс.

6. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

ДИРЕКТОР,
м-р Роберт Аџипетров

Доставено до:
- Претседател/членови
- Писарница на Министерството